Australian Macedonian
# TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1975 23 AUGUST 2024 FREE

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# ИЛИНДЕНСКИ ФЕСТИВАЛ 2024 – МЕЛБУРН




## ТОШКОВСКИ ПОТВРДИ: СО СВАТОВИТЕ ГАШИ ПОМИНАЛ БЕЗ КОНТРОЛА НА ГРАНИЦА

## МУЦУНСКИ: ИМАМЕ ИНДИЦИИ ЗА ФИНАНСИСКИ ЗЛОУПОТРЕБИ ВО ДКП



# ССМ: Минималната кошничка за четиричлено семејство изнесува А$1,650



За да си ги обезбеди само основните потреби на едно четиричлено семејство во август годинава му се потребни 61.199 денари (А$1,650). Тоа, како што објави Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ), е зголемување на минималната синдикална кошничка за 629 денари (А$17) во споредба со претходниот месец.

Од ССМ соопштија дека во периодот од кога се пресметува по новата методологија, односно од декември лани до август годинава за 4.677 денари (А$128).

„Податоците покажуваат дека и без зголемување на платите, трошоците за живот вртоглаво растат, за што нема оправдување. Истото никој не се обидува да го спречи, а ги прави граѓаните, работниците и пензионерите уште посиромашни. Податоците од синдикалната кошница треба да ги разбијат дилемите на сите оние кои мислат дека работничките плати се највиновни за растот на инфлацијата односно растот на трошоците за живот“, велат од ССМ.

Само со зголемување на платите може да се зачува животниот стандард и затоа таквото барање од страна на работниците е оправдано. Но Владата во ребалансот не предвиде пари за зголемување на платите до крајот на годинава.

Во јули годинава Државниот завод за статистика (ДЗС) измери инфлација од 3% на годишно ниво.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

# Скопје помеѓу десетте најдепресивни градови на Балканот



Скопје е помеѓу десетте најдепресивни градови на Балканот пишува „Слободна Далмација“. Од таму велат дека ова се должи на одливот на голем број на млади луѓе, зголемена корупција и немањето на перспектива. Според „Слободна Далмација“ поинаку е кога сте во некој град на поминување а сосема друго е да живееш таму преку целата година. Ова е списокот на најдепресивни градови, причините варираат од невработеност, ментално здравје, загадување на животната средина, економска нестабилност…

**10. Скадар, Албанија**
**9. Зеница, БиХ**
**8. Нови Сад, Србија**
**7. Приштина, Косово**
**6. Бања Лука, БиХ**
**5. Тирана, Албанија**
**4. Подгорица, Ц. Гора**
**3. Белград, Србија**
**2. Скопје, Македонија**
**1. Сараево, БиХ**






# Љутков уверува дека галеријата на икони нема да скапува во депоата на Музејот на Македонија



Министерот за култура, Зоран Љутков, го посети комплексот на Музеи на Македонија на скопското Кале и вети дека ќе му го врати сјајот за што веќе изработен проект за темелна реконструкција. Последната интервенција на овој музејски комплекс е направена во 2010 година.

- Музејот на Македонија е најстар и најголем во државата, кој што го собира, го чува, го проучува и го презентира нашето културно наследство. Сега е навистина во очајна состојба, а тоа покажува каков третман имало кон културното наследство во изминатите седум години. Министерството за култура и туризам веќе е во постапка за добивање на одобрение за градба, со што веднаш би почнала реконструкцијата на покривот во овој момент, за што имаме обезбедено и средства. За темелна реконструкција на другиот дел од објектот во следниот период ќе следува тендер со повеќегодишна јавна набавка, рече министерот.

Највредната музејска збирка во државата – галеријата на икони - сега се чува во депото затоа што по земјотресот во 2016 протекол покривот па морало да биде тргната од експозиција и ставена во депоата каде се чува во несоодветни услови. Меѓутоа и другите етнолошки музејски предмети се исто така вредни и се значајни за презентација на нашето културно наследство. Проблем е и недостигот на стручен кадар во Музејот на Македонија. Во последните три години имало 30 заминувања во пензија, а вработено е само едно лице.

Министерот за култура и туризам Зоран Љутков информираше уште дека се во фаза на преземање на секторот за туризам од Министерство за економија и се надева дека до новата година ова ќе биде комплетно завршено и ќе настапат со програмски активности за 2025 година. Вети дека ќе развиваат програми кои ќе придонесат за подобрување на презентација на културното наследство, за екологијата, за зголемување на туристичките капацитети со подобро мапирање, но и со подобра презентација на целото богатство кое што го има Република Македонија.



# Добротворна организација по грешка делела бонбони полни со дрога



Добротворна организација која работи со бездомници во *Окленд*, *Нов Зеланд,* несвесно им делела бонбони со потенцијално смртоносна доза на метамфетамин во нивните пакети со храна, откако бонбоните биле донирани од некој граѓанин.

Лажните бонбони дистрибуирани од добротворната организација изгледале како бонбони со вкус на ананас од малезиската марк*а „Ринда“*, изјавила **Хелен Робинсон**, извршен директор на добротворната организација.

Претставници од добротворната организација рекоа дека персоналот почнал да контактира со 400 луѓе за да ги откријат пакетите што би можеле да ги содржат спорните бонбони.

Најмалку осум семејства пријавиле дека ги пробале лажните бонбони, рече г-ѓа **Робинсон**. За среќа, тие имаа толку лош вкус што оние што ги јаделе веднаш ги исплукале, минимизирајќи ги ефектите, рече таа. Но, поради нивната висока доза, дури и мал допир или лижење можело да биде опасно.

Државните власти соопштија дека три лица биле хоспитализирани откако ја консумирале бонбоната, но подоцна биле пуштени.

Количината на метамфетамин во секоја бонбона била до 300 пати поголема од нивото што некој вообичаено би го земал и можела да биде фатална, соопшти Новозеландската фондација за дрога, која прва ги тестираше бонбоните.

Портпаролот на фондацијата **Бен Биркс Анг** рече дека пренесувањето на дрогата како безопасна стока е вообичаена техника на прекугранично шверцување низ *Нов Зеланд*.

Бонбоните биле донирани во изминатите шест недели и не е јасно колку од тие бонбони биле наполнети со метамфетамин.

Метамфетаминот е моќен стимуланс кој предизвикува голема зависност и влијае на централниот нервен систем. Има форма на бел кристален прав без мирис, има горчлив вкус и лесно се раствора во вода или алкохол.



# Дали опозицискиот лидер Датон е расист поради ставот кон Газа?



Австралиската независна пратеничка **Зали Стегал** му порача на лидерот на опозицијата **Питер Датон**, *„да престане да биде расист"*, бидејќи тој изјави дека Австралија не треба да прифаќа палестински бегалци од *Газа*.

**Стегал** го кажа тоа во својот говор во кој го критикуваше **Датон**, бидејќи минатата недела тој ја повика владата да им забрани на бегалците од *Газа* да доаѓаат во *Австралија*, бидејќи тие би можеле да бидат радикализирани симпатизери на *Хамас* и потенцијална безбедносна закана за општеството.

Неколку пати прекинувана од извици од опозициските клупи, **Стегал** му викаше на **Датон** *„да престане да биде расист".*

По различните тврдења за околностите во кои бегалците од *Газа* доаѓаат во Австралија, **Датон** во петокот рече дека владата на **Албанезе** *„донела луѓе без интервјуа, од воена зона која е контролирана од Хамас, која е заведена како терористичка организација на листата во нашата земја".*

*Австралија* е дарежлива земја и ние сме одлична земја поради миграцијата, но треба добро да се управува со нашата миграциска програма. Ние сме под огромен притисок во моментов со недостиг на домови за живеење, бидејќи владата на **Албанезе** донесе милион луѓе за две години, а изградивме во тоа време само 250.000 домови.

Поентата на **Датон** е дека владата требаше да направи повеќе проверка на 1.300 луѓе кои пристигнаа од *Газа* од 7 октомври.

Но, не е јасно како ова се изедначува со расизам и аргумент за целосна забрана за сите луѓе кои доаѓаат од *Газа*?




# Муцунски: Имаме индиции за финансиски злоупотреби уште во најмалку две ДКП



Постојат индиции за финансиски злоупотреби уште во најмалку две дипломатско-конзуларни претставништва на Македонија во странство, изјави министерот за надворешни работи и надворешна трговија Тимчо Муцунски, без да прецизира за кои амбасади станува збор.

Муцунски во интервју за „Сител" телевизија констатираше дека македонската дипломатија е во лоша состојба.

Вели дека има исклучоци, но најголем дел од информациите што секојдневно ги добива од амбасадорите се информации што може да ги добие и по телефон, додека работата на амбасадорите треба да биде многу повеќе од тоа.

Во врска со иднината на четворицата амбасадори кои беа повикани на консултации Муцунски рече дека Дане Марковски ќе се врати во Тирана за да го заврши мандатот (има уште неколку месеци) зашто тој не бил виновен за лошиот исход по Македонците од пописот во Албанија. Амбасадорот сигнализирал, барал инструкции но министерот Бујар Османи не сакал да мрдне ни со прст и ги игнорирал сите повици.

За работата на амбасадорот во Рим, Весел Мемети, продолжува анализата и тој ќе остане во Скопје. Му се става на товар тоа што испратил допис до италијанските институции оти не важат пасошите со новото име на државата, без да добие налог од Министерството за ваков чекор.

Амбасадорот Жерновски се соочува со сериозни обвинувања за несоодветно постапување во врска со формално-правните аспекти на неговото именување.

- Љубомир Фрчковски, пак, амбасадор во постојаната мисија во ОН, се уште не се појавил на информативниот разговор во Министерството, иако постојат индиции за финансиски злоупотреби поврзани со буџетски средства од МНР и во моментов вршиме ревизија на работењето на Постојаната мисија во Њујорк. Фрчковски веднаш по барањето да дојде во Скопје зема боледување и му посакувам што поскоро оздравување. Но тоа не влијае на постапката против него, која ќе продолжи, рече министерот Муцунски.


Reg. No. A00424610 АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Вељановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЗАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

## ЌЕ СЕ ГРАДИ УШТЕ ЕДЕН СПОМЕНИК НА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ ВО НОВО СЕЛО



Советот на Општина Штип донесе одлука да се подигне спомен-обележје на Тодор Александров Попорушев во Ново Село, каде што е роден. Споменикот ќе биде поставен на кејот „Димитар Влахов" и заедно со постаментот ќе има вкупна висина од 3.70 метри.

Ќе биде изграден од полимер, а автор е вајарот Далибор Николовски. Чествувањето на ликот и делото на Александров ќе биде на 31 август, денот на неговото убивање на планината Пирин пред точно 100 години.

Во минатото биле изградени повеќе споменици на Тодор Александров. Првиот споменик бил подигнат две години по неговото убиство, во 1926 во Ќустендил. Во Македонија првото спомен-обележје е подигнато во Ново Село, во близина на куќата каде што се родил, кое стои и денес, а во Музејот на револуционерната борба во Штип е поставена негова восочна фигура.

Во 2008, на приватен имот во Велес беше поставена биста со ликот на Александров, но неколкупати беше бутната, па беше дислоцирана. Во 2012 во Кисела Вода во Скопје беше поставен споменик на коњаник, за кого се откри дека го претставува Тодор Александров (така и пишува на него).

Најновото спомен-обележје на Александров во Штип ќе почне да са гради веднаш, а донатор ќе биде Патриотското здружение „Мише Развигоров" од Штип.

## Две скопјанки измамени за 14.000 евра, им кажале дека ќерките згазиле луѓе и треба да се даде мито за да се ослободат

Од МВР информираат за два речиси идентични случаи на измама, при што две постари скопјанки биле оштетени за вкупно 14.500 евра.

- На 14.08.2024 во СВР Скопје 86–годишна жена од Скопје пријавила дека била измамена од едно лице за сума од 10.000 евра. Според пријавеното, лицето ја контактирало телефонски, се претставило како полициски службеник и ѝ кажало дека нејзината ќерка предизвикала сообраќајна несреќа со смртни последици и дека е потребно да плати за да ја ослободат од полиција во Црна Гора.

Како што е пријавено, таа ги подигнала парите од банка и ги оставила на местото каде што ѝ кажало лицето. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, велат од МВР.

Оттаму информираат и за втор ваков случај.

- На 14.08.2024 во СВР Скопје, 87–годишна жена од Скопје пријавила дека била измамена од едно лице за сума од околу 4.500 евра. Според пријавеното, лицето ја контактирало телефонски и ѝ кажало дека нејзината ќерка предизвикала сообраќајна несреќа со смртни последици и дека е потребно да плати за да биде ослободена. Како што е пријавено, таа ги подигнала парите од банка и од тераса му го фрлила пликот со пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, велат од МВР.



# A$15,000 дневно се трошат на гориво за трите ер-трактори при гасењето на пожарите

Околу A$15,000 дневно од државната каса се трошат на гориво за трите „ер-трактори" при гасењето на огнените стихии во последните месеци. Во оваа сума не влегуваат трошоците за плата на вработените, сервисирање на воздухопловите, како ниту горивото кое го потрошиле хеликоптерите од Србија, Турција, Хрватска, Словенија, Романија, Австралија, Словачка и Кипар кои помагаа во гасењето на пожарите на отворено. Според податоците Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС) во текот јули и половина од август трите „ер-трактори", од кои со два управуваат пилоти вратени од пензија, во гасењето на пожарите интервенирале по шест часа секојдневно.

- Секој од „ер-тракторите" интервенира двапати по три часа дневно. Во половина од случаите интервенирале два „ер-трактори", а во другата половина сите три „ер-трактори". Во текот на оваа сезона на пожари, „ер-тракторите" се речиси секојдневно на терен. Тие трошат од 300 до 350 литри гориво на час и за шест часа тие можат да испуштат околу 20 до 30 тони вода, велат од ДЗС.



Од „Национални шуми", пак, досега не располагаат со информации за тоа колку вкупно хектари шума е изгорена во текот актуелнава сезона на пожари, но затоа пак според податоците на ЦУК јули-август се регистрирани вкупно 765 пожари од кои 157 шумски шумски (податок до 19 август).

Вкупната штета од пожарите годинава допрва ќе се проценува, а директорот на ЦУК, Стојанче Ангелов, неодамна во интервју за РСЕ рече дека таа ќе биде поголема отколку да се купат уште „ер-трактори" кои дополнително ќе можат да помагаат во гасењето на огнените стихии.



*Голема шумска површина беше проголтана од пламените јазици кои избувнаа во атарот на село Врбен во Националниот парк „Маврово". Со интервенцијата од воздух и копно е превенирано пожарот да не го зафати селото, но едниот крај на пожарот се прошири кон останатиот дел на Шарпланинскиот масив*


Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

# Австралија со остатокот од светот е поврзана само со 15 интернет кабли



Должина на сите подводни на кабли во светот се проценува на околу 1.4 милиони километри. Но, уште поневеројатен е фактот што австралискиот континент го опслужуваат само 15 такви кабли.

Според последните податоци, Интернет користат речиси 5.5 милијарди луѓе ширум светот, односно малку над 67 отсто од вкупното население.

Еден дел од податоците се транспортираат со сателити, а останатиот дел со подводни кабли. Идејата континентите да се поврзат на овој начин датира од средината на 19 век, а оттогаш до денес системот е усовршуван безброј пати.

Прииот трансатлантски кабел бил поставен во 1858 година, кога Британската империја дошла на идеја да инвестира во овој тип на поврзување за да има контрола над своите далечни територии во *Северна Америка.* Проектот бил многу амбициозен за тоа време: каблите требале да се постават на длабочина од околу 10.000 стапки (односно околу 3.000 метри) по целата должина на Атлантикот и тоа на начин никаде да не се прекинат. Британците успеале да ја остварат својата идеја, што резултирало со подобро работење и управување.

Денес, дното на целиот Светски океан е испреплетен со подводни кабли. Направени од оптички влакна и прекриени со дебел слој пластична изолација, тие се наоѓаат на длабочина од околу 8.000 метри. Брзината на протокот на податоците преку овие кабли е фасцинанта, од едниот до другиот крај на светот за само една секунда се пренесуваат дури 300 терабити! За споредба, 20 терабити се доволни во исто време за да се пуштат 793.000 филмови во ултра висока резолуција! А со 300 терабити, можностите се бесконечни.

Од вкупната количина подводни кабли, само 15 од нив се одговорни за 99 отсто од размената на податоци преку Интернет во *Австралија*. Звучи сосема неверојатно, имајќи ја предив големината на континентот, но тоа е вистина. Токму од таа причина австралиските ИТ експерти над овие кабли мораат деноноќно да бдејат, внимавајќи да не бидат случајно оштетени од рибарски бродови или да не бидат цел и уништени од злонамерници. Бидејќи во дел од секунда, целиот континент може да биде отсечен од остатокот од светот.

ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092
Отворени сме за вечера
Четврток - Сабота,
од 18 часот до доцна.

Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.

Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073

# Скопје: го застрелале, па го ограбиле – двајца од напаѓачите приведени

Скопскиот бизнисмен **Васил Ефтимов** (60) е убиен со истрел во главата на паркингот кај *ТЦ „Мавровка"* во *Скопје*. Крај него била и сопругата која го преживеала ужасот. Три лица ги нападнале нешто пред 10 часот во вторникот утрото, веднаш штом се паркирале зад *ТЦ „Мавровка"* (крај *Старата чаршија*). Напаѓачите го отвориле багажникот на колата на **Ефтимови** и од таму однеле лап-топ компјутер и црна чанта во која засега не се знае што имало.

Разбојниците веднаш побегнале во сиво возило со белгиски таблички.

За кусо време полицијата го блокираше местото на настанот и започна потера по разбојниците и убијци со хеликоптер и дронови. Возилото е откриено во тесните улички во населбата *Чаир*. Кога полицијата го блокирала од напаѓачите од возилото отвориле оган од огнено оружје. Полицајците возвратиле и успеале веднаш да уапсат еден од разбојниците, а кусо потоа и уште еден. По третиот, чиј идентитет е познат, полицијата продолжи да трага.

**Покрај телото на убиениот остана електричен тротинет**






Министерството за внатрешни работи ги информира граѓаните дека во периодот што следува во некои делови од град *Скопје* ќе има зголемено полициско присуство со цел целосно расчистување на случајот. Постоеја сомнежи дека третиот разбојник се крие во шумата на ридот *Гази Баба.* Жртвата не е адвокат, како што претходно се тврдеше, туку е бизнисмен, кој се занимавал со продажба на материјали за водовод и канализација, но имал и дуќан за бижутерија (претходно златарница) во трговскиот центар „Бисер" во *Аеродром.* Критичното утро наводно со сопругата бил да заврши приватни обврски во близина на трговскиот центар *„Мавровка"*. Најверојатно напаѓачите очекувале дека **Ефтимов** во својот автомобил носи чанта полна со злато и вреден накит.

## Напаѓачите се од исто семејство познати криминалци

Неофицијално се дознава дека тројцата осомничени доаѓаат од исто семејство, кое живее во *Чаир*. Тој што е во бегство и по кој се трага е затвореник, а и порано вршел тешки кражби. Станува збор за лице кое издржува затворска казна во *„Идризово"*, ама кое од април е во бегство.

Друг од осомничените, кој веќе е уапсен, е негов внук од брат, додека третиот е нивни роднина. Според непотврдени информации, станува збор за група која и претходно била во судир со законот. Фамилијата е озогласена како склона кон криминални активности.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.-*
*340 Sydenham Road*
*Sydenham Vic 3037*



## ИЛИНДЕНСКИ ФЕСТИВАЛ 2024 – МЕЛБУРН:

# ФОМКУД повторно ги собра културно-уметничките друштва од Викторија




**Традиционалниот «Илинденски фестивал» го организираше Федерацијата на македонските културно-уметнички друштва на Викторија**

Играорните друштва од *Мелбурн* минатава сабота го одржаа својот традиционален Илинденски фестивал во *Plenty Ranges Arts and Convention* Centre во *Саут Моранг*. Ова беше 37-ми по ред Илинденски фестивал кој се одржува уште од далечната 1988 година и на него настапуваат нашите млади и прекрасни амбасадори на културата што играат во македонските културно-уметнички друштва во *Викторија*.













Годинава настанот го збогатија со свое присуство играорните друштва: *„Светлост", „Александар Македонски", „Никола Карев", „Гоце Делчев", „Јане Сандански", „Танец", „Илинден"* и *" Тоше".* Со богата програма од пет часа присутните уживаа во настапите на младите чувари на македонскиот фолклор во *Австралија* кои уште еднаш успешно се претставија со своите песни и ора. Тие исто така потврдија дека се и вистински промотори на македонските културно-уметнички традиции не само меѓу македонската заедница туку и пред целокупното австралиско општество.




# ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
# БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




**БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА**

**ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.**

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискиот Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### ИРСКИОТ ПРЕМИЕР ЗА ВОЈНАТА ВО ГАЗА:

# Ќе се сеќаваме како на време на мрачен срам



Светот не направи доволно за да се постигне прекин на огнот во *Газа*, изјави ирскиот премиер С**ајмон Харис.** Тој повика на итна ревизија на Договорот за асоцијација меѓу *Европската унија* и *Израел*, велејќи дека се прекршуваат одредбите од договорот поврзани со човековите права. Ирскиот премиер предупреди дека во иднина светот на конфликтот во *Израел* ќе гледа како на „време на мрачен срам". **Харис** рече дека *„секој ден" се прашува дали ирската влада можела да направи повеќе.*

*„Сметам дека сцените што се одвиваат на Блискиот Исток се речиси незамисливи кога станува збор за размерите на катастрофата"*, рече ***Харис*** *во Даблин.*

*„Јас ја нареков војна против децата, верувам дека е. Акциите на Израел се крајно непропорционални. Исто така, многу сум свесен за работи како трговијата што се одвива на ниво на Европската унија. Да бидам јасен, не верувам дека светот и Европската унија направија доволно за да се постигне примирје"*, рече тој.

*„Кога ќе погледнеме наназад на овој период, тоа ќе биде време на мрачен срам за светот, бидејќи има моменти кои можеа да се искористат на европско ниво, но досега не се искористени"*, рече **Харис**, додавајќи дека *Европската унија* може да направи повеќе веднаш.

Премиерите на Шпанија и Словенија бараат ревизија на Договорот за асоцијација меѓу *Европската унија* и Израел.

„Се надевам дека и другите колеги ќе ни се придружат доколку овие разговори не напредуваат во наредните денови. Тоа е многу практична мерка што можеме да ја преземеме", посочи тој. На прашањето дали трговскиот договор треба целосно да биде суспендиран, **Харис** одговори дека постапката е таква што прво треба да се разгледа. Сепак, тој додаде: *„Малку е веројатно дека ќе го разгледате договорот и ќе откриете дека е во согласност со човековите права".*

# Филипини вложуваат дипломатски протест до Кина заради загрозување на воздушниот простор

Филипините ќе упатат дипломатски протест до *Кина* поради неодамнешниот инцидент во кој кинески воени авиони го нарушија воздушниот простор над *Јужното Кинеско Море*, изјави филипинскиот министер за надворешни работи **Енрике Манало**.

Филипинската војска извести за „опасни дејствија" на два кинески авиони кои истрелаа проектили на патеката на авион на филипинското воздухопловство кој вршеше рутинска патрола над *Скарборо Шол* во *Јужното Кинеско Море*.

Филипинскиот министер за одбрана **Жилберто Теодоро** изрази надеж дека Кина ќе ги почитува меѓународните закони и изјави дека е неопходно да се деескалираат тензиите. Претседателот на Филипините **Фердинанд Маркос** изјави дека дејствијата на *Кина* се „неоправдани, незаконски и непромислени", додека нема коментар од кинеската амбасада во *Манила*.Кинеската војска на конференција соопшти дека филипинскиот авион илегално влегол во кинескиот воздушен простор и покрај постојаното предупредување.




# Украина урива мостови во Русија, но се повлекува на своја територија



*Москва* соопшти дека *Украина* урнала трет мост во нападот на руската област *Курск*, за кој *Киев* тврди дека целта му е формирање тампон зона и исцрпување на руската воена машинерија.

Меѓутоа, украинските сили се повлекуваат на другите фронтови и се борат за да го сочуваат источниот град *Покровск*, каде *Русија* напредува во изминатите недели. Претседателот **Володимир Зеленски** изјави дека украинските сили контролираат повеќе од 1.250 квадратни километри и 92 населби во руската област *Курск*. Тој побара од сојузниците на *Украина* да дозволат напади со западно оружје длабоко во *Русија*, кажувајќи дека тоа што ја немаат таа дозвола е главната причина поради која *Украина* не можела да го сопре напредувањето на руските трупи на фронтот на истокот.

*„Наивниот, илузорен концепт на таканаречените црвени линии во врска со Русија, кој доминира во проценката на војната кај некои партнери, се распадна овие денови некаде кај Суџа*", кажа **Зеленски** во обраќањето до амбасадорите, упатувајќи на пограничниот мал град во руската област *Курск* кој во моментов е под контрола на украинските сили.

*Русија* соопшти дека е погоден и оштетен трет мост на реката *Сејм* која минува низ *Курскиот регион* на границата со североисточна *Украина*. воените аналитичари сметаат дека мостовите се дел од клучните линии за снабдување на руските трупи кои ја бранат таа област.

**Зеленски** во неделата изјави дека неговите трупи спроведуваат нешто што го опиша како *„максимални контраофанзивни акции*" насочени кон создавање тампон зона и нанесување штета на воените потенцијали на *Москва*.

Повеќе од 121.000 луѓе се евакуирани од девет гранични окрузи во *Курската област*, соопшти руското министерство за вонредни ситуации. Помошникот на рускиот претседател, **Јуриј Ушаков**, кажа дека *Москва* засега нема да одржи мировни преговори со *Киев*, имајќи го предвид нападот на *Курск*. *Украина* бара целосно повлекување на руските трупи од својата територија пред почетокот на какви било преговори.

Украинските сили се соочуваат со жестоки борби во близина на *Покровск*, транзитниот центар за украинските сили. Руските трупи сега се на околу 10 километри од предградијата на градот, кажа **Сергеј Добријак**, шефот на локалната воена администрација. Тој кажа дека градот дневно го напуштаат околу 600 луѓе и дека општинските служби би можеле да бидат отсечени додека руските сили се приближуваат.

Регионалниот гувернер **Вадим Филашкин** изјави дека полицискиот час во населбите во близина на *Покровск* е заострен и дека ситуацијата е „многу тешка".

Највисокиот украински генерал изјави дека *Киев* „прави сè што е потребно" за да го одбрани источниот град *Торетск* додека *Москва* се обидува да ги загрози украинските линии за снабдување. *Русија* соопшти дека нејзините сили го зазеле блискиот град *Артјомово*.

Војната, која однесе десетици илјади животи и разурна градови низ *Украина*, не покажува знаци на смирување. *Киев* очекува *Москва* да ги зголеми своите сили во *Украина* до крајот на годината на 800.000, од сегашните 600.000, кажа заменикот на украинскиот министер за одбрана **Иван Хавриљук**.

*Киев* добива оружје од своите западни сојузници, но е загрижен дека таа поддршка може да опадне ако војната продолжи. Акциите на германските компании за оружје забележаа пад на берзите откако еден весник објави дека министерството за финансии нема да одобри дополнителни барања за помош на *Украина* поради буџетските ограничувања.

Портпаролот на германското министерство за финансии подоцна кажа дека *Берлин* интензивно работи со своите партнери од групата Г7 да обезбеди заеми за поддршка на *Украина*, финансирани од приходите од замрзнатиот руски имот.

# АЛГОРИТАМ ПРЕДВИДУВА БОЛЕСТИ СПОРЕД БОЈАТА НА ЈАЗИКОТ



Истражувачите од универзитетот во Јужна Австралија UniSA направија битно достигнување користејќи низа експерименти во кои употребиле 5.260 фотографии за да обучат алгоритми за машинско учење да ја детектираат бојата на јазикот.

Две болници доставиле 60 фотографии од јазиците на пациенти со различни медицински состојби, а моделот на вештачка интелигенција успеал да ја усогласи бојата на јазикот со болеста во речиси сите случаи.

Во студијата објавена во списанието Technologies се опишува како предложениот систем ја анализира бојата на јазикот за да обезбеди дијагноза на самото место, потврдувајќи дека вештачката интелигенција го држи клучот за многу напредоци во медицината.

Главниот автор на студијата и вонреден професор на UniSA, Али Ал-Наџи вели дека вештачката интелигенција реплицира практика стара 2.000 години широко користена во традиционалната кинеска медицина, испитувајќи го јазикот за знаци на болест.

„Бојата, обликот и дебелината на јазикот може да откријат голем број здравствени состојби", вели тој.

„Типично, луѓето со дијабетес имаат жолт јазик, пациентите со рак имаат пурпурен јазик со густа масна обвивка, а пациентите со акутен мозочен удар имаат црвен јазик со невообичаена форма. Белиот јазик може да укажува на анемија, луѓето со тешки случаи на КОВИД-19 веројатно ќе имаат длабоко црвен јазик, а индиго или виолетовиот јазик укажува на васкуларни и гастроинтестинални проблеми или астма", вели Ал-Наџи.

Во студијата камерите поставени на 20 сантиметри од пациентот ја снимале бојата на неговиот јазик, а алгоритам со вештачка интелигенција во реално време ја предвидувал нивната здравствена состојба.

Коавторот на студијата и професор на UniSA, Џаваан Чал, вели дека во иднина паметниот телефон ќе се користи за дијагностицирање на болести на овој начин.

„Овие резултати потврдуваат дека компјутеризираната анализа на јазикот е безбеден, ефикасен, едноставен и достапен метод за скрининг на болеста што ги поткрепува современите методи со вековна пракса", вели Чал.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК



www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

*Австралиско* Македонски* Неделник*

Edition No. 1828 Year 37 • Tuesday, 20 August 2024 • Price $4.00 inc GST



АРГЕНТИНСКИ, ЧИЛЕАНСКИ, АВСТРАЛИСКИ ВОЗДУХОПЛОВИ ГИ ГАСАТ ПОЖАРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

ФОМКУД ПОВТОРНО ГИ СОБРА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИТЕ ДРУШТВА ОД ВИКТОРИЈА

ВО МЕЛБУРН

ИЛИНДЕНСКИ ФЕСТИВАЛ 2024

СЛЕДНАТА СЕЗОНА ВО НАЦИОНАЛНАТА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА:

ПРЕСТОН МАКЕДОНИЈА СЕ ИЗБОРИ ЗА ПРОМОЦИЈА

МИЦКОСКИ

ЌЕ ГО ДОГРАДУВА „СКОПЈЕ 2014“ АМА ВО МОДЕРЕН СТИЛ

БОКИ 13 РАСПАЛИ: ЈАС ОСУДЕН НА 9 ГОДИНИ БЕЗ ПАРИ, А НАКЕ СУДИЈА ФАТЕН СО ПАРИ ДОБИЛ ТРИ ГОДИНИ

ДА НЕ Е ТРАГИЧНО, ЌЕ БЕШЕ СМЕШНО!

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрежност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000   www.arnoldthomasbecker.com.au

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ



## Извлечени се двојките за првото коло од фудбалскиот Куп на Македонија

Во просториите на ФФМ беше извршена ждрепката за првата рунда од Купот на Македонија. Тиквеш, кој е бранител на трофејот, е слободен во првото коло, останатите почнуваат уште на стартот. Вардар ќе му гостува на Новаци, Пелистер го доби Скопје, шампионот Струга Трим Лум оди кај Слога во Виница.

### Прво коло Куп на Македонија:

- Победа – Гостивар
- Цепчиште – Шкупи
- Кожув – Арсими
- Вардар Неготино – Брера
- Јени Маале – Шкендија
- ФК Слободен – Брегалница
- Беласица – Македонија ЃП
- Башкими – Воска Спорт
- Охрид – Беса
- Шкендија Арачиново – Работнички
- Карбинци – Силекс
- Борец – Детонит Плачковица
- Слога Виница – Струга Трим Љум
- Скопје – Пелистер
- Новаци – Вардар

Натпреварите се закажани за 18 септември во терминот од 15:00 часот. Се игра еден меч, а доколку по 90 минути е нерешено се пристапува кон шутирање на пеналите.

## ПМФЛ: „Комити" славеа, "Чкембари" тажни се вратија во Битола



Сите погледи во 2. коло од ПМФЛ беа насочени кон Националната арена „Тодор Проески" во Скопје каде што во вечерен термин се играше големото македонско дерби помеѓу Вардар и Пелистер. Конечно, дерби во вистински сјај, со многу публика - преку 10.000 гледачи. Голот на Дијанеси постигнат пред самиот крај на натпреварот ги израдува „комитите", а ги расплака „чкембарите". И покрај тоа што не блескаа, сепак, „црвено-црните" на крајот освоија три бода, после неубедливиот старт и поразот во Струмица од Брера.

Брера, пак, во 2. Коло доживеа дебакл во Кратово. Силекс веднаш врати по поразот од Работнички на почетокот, и во голем стил ги освои трите бода. На овој меч блескаше Марко Ѓорѓиевски кој даде три гола, и апсолутно го понесува епитетот играч на колото.

Гостивар благодарение на Алпер Потук ги освои бодовите против Шкупи, кој има слаб почеток на сезоната, додека Струга ТЉ идентично како и во првото коло, така и во второто победи само со 1:0 над новиот прволигаш Беса.

Шкендија не успеа да ги освои бодовите во дуелот со Работнички играјќи на домашен терен само 1:1, а Тиквеш, пак, дојде до првите бодови со победата над Воска во Кавадарци. Херој на кавадарчани беше Спахиу кој постигна два гола.

**ПРВА ЛИГА – 2. КОЛО**

| | |
|---|---|
| ТИКВЕШ – ВОСКА СПОРТ | 2:1 |
| ГОСТИВАР – ШКУПИ | 2:0 |
| СИЛЕКС – АП БРЕРА | 4:0 |
| ШКЕНДИЈА – РАБОТНИЧКИ | 1:1 |
| СТРУГА ТЛ – БЕСА | 1:0 |
| ВАРДАР – ПЕЛИСТЕР | 1:0 |

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

## ВАРДАР ГО СМЕНИ ТРЕНЕРОТ:

# Петрески наместо Михајлов



ФК Вардар само ден по победата во дербито против Пелистер го смени шефот на стручниот штаб откако Горазд Михајлов си поднесе оставка од „приватни причини". Тој на клупата на Вардар пристигна минатата полусезона и успеа да избори опстанок што беше главна цел.

За нов тренер на Вардар е промовиран поранешниот македонски репрезентативец, Горан Петрески познат како Чунга-лунга. Станува збор за поранешен напаѓач на црвено-црните, кој за овој тим настапуваше во периодот од 1992 до 1996 година, а потоа и во сезоната 1999/2000. Играчката кариера ја заврши во корејскиот тим Поханг стилерс, а тренерската кариера ја почна во тимот на Работнички, прво како асистент, а потоа и како прв стратег.

## НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 29 КОЛО

# РОКДЕЈЛ ИЛИНДЕН Е ШАМПИОН ЗА 2024



Во понеделникот вечерта се играше дуелот на Рокдаел Илинден со Сиднеј но поради терминот за печатење не сме во можност да го пренесеме резултатот. Сепак, без разлика на исходот од оваа средба веќе се знае со сигурност дека сезонски шампиони на Национална премиер лига на НЈВ за 2024 е екипата на Рокдејл Илинден.

„Комитите" после 40 години официјално повторно се крунисани како шампиони на крај од сезоната. Честитки за фудбалерите и управата што достојно ја претставуваат нашата заедница на спортски терени. Рокдејл Илинден беше најконзистентниот тим во текот на целата година и сосема заслужено создаде предност која е недостижна за останатите екипи оваа сезона.

Во недела, на 25 август, Рокдејл Илинден ја пречекува екипата на Централ Кост Маринерс со почеток во 15 часот.

### ТАБЕЛА

| | |
|---|---|
| Рокдејл Илинден | 66 |
| Маркони | 62 |
| АПИА Леикард | 54 |
| Блектаун Сити | 54 |
| Сент Џорџ Сити | 51 |
| Сиднеј Јунајтед | 48 |
| Волонгонг Вулвс | 44 |
| Сиднеј Олимпик | 42 |
| НЈВ Спирит | 34 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 32 |
| Сент Џорџ Сеинтс | 32 |
| Манли Јунајтед | 30 |
| Централ Кост Маринерс | 28 |
| Сатерланд Шаркс | 26 |
| Сиднеј | 26 |
| Хилс Јунајтед | 24 |



### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 22 КОЛО

## Њу Ламбтон – Бродмедоу Маџик 2:5



После две години како за еден бод му избегнува првото место на крајот од сезоната на Бродмедоу Маџик, овојпат се беше решено однапред и обезбедена е титулата за 2024 година. На последниот натпревар од регуларниот дел од сезоната се играше кај Њу Ламбтон и веќе во 2 минута домаќинот поведе со голот на Чарли Кели за 1:0. Магичните набрзина вратија со два експресни голови на Џаред Бејкер во 10 и 12 минута за пресврт од 1:2.

Во второто полувреме Бејли Велс во 52 минута зголеми на 1:3. Домаќинот и понатаму даваше отпор и во 59 минута преку Кент Харисон намали на 2:3. Сепак во завршницата Бродмедоу Маџик беше пресилен и следеа уште два гола на Џејден Стјувардсон 64` и Бејли Велс во 86 минута за конечните 2:5.

Првите пет екипи продолжуваат со плејоф натпреварите, а за останатите сезоната е завршена.

Нашата Бродмедоу Маџик е сезонски шампион за 2024 година.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Бродмедоу Маџик | 55 |
| Ламбтон Џафас | 52 |
| Еџворт | 45 |
| Чарлстон Азури | 42 |
| Њукастел Олимпик | 39 |
| Вестон Воркерс | 34 |
| Кукс Хил Јунајтед | 31 |
| Валентин | 30 |
| Маитланд | 25 |
| Њу Ламбтон | 15 |
| Адамстаун Розбадс | 9 |
| Лејк Маквори | 4 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 26 КОЛО

## Алтона Маџик Вардар – Манингам Јунајтед 6:2



Убедлива победа за “црвено-црните” кои можат да бидат задоволни од постигнатото оваа година. Гостите кои испаѓаат од лигата изненадија на почеток постигнувајќи гол во осмата минута преку Јоанис Горгиолополус. Нивната радост не траеше долго бидејќи се редеа набрзина головите на: Даниел Фабризио 17` и 36 минута и Дарси Анастасовски во 18 за 3:1. Пред крај на првиот дел Манингам намали преку Бен Еверсон на 3:2.

Во второто полувреме постојано се тресеше мрежата на гостите со головите на: Фабризио 53, Арон О`Дрискол 72` и Исмаил Хаџи за 6:2.

Саут Мелбурн е сезонски првак со шест бодови повеќе од второпласираниот Авондаел. Нашата Алтона Маџик Вардар заврши на осмото место и може спокојно да планира за следната сезона во која ќе игра заедно со Престон Македонија во најсилната лига на Викторија.

Првите шест екипи на табелата ќе продолжат да играат во финалното разигрување за шампионската титула.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 60 |
| Авондаел | 54 |
| Окли Канонс | 53 |
| Хајделберг Јунајтед | 51 |
| Хјум Сити | 50 |
| Данденонг Сити | 37 |
| Мелбурн Најтс | 35 |
| Алтона Маџик Вардар | 33 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 33 |
| Данденонг Тандер | 28 |
| Сент Албанс | 25 |
| Грин Гали | 24 |
| Манингам Јунајтед | 18 |
| Мореланд Сити | 14 |


AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970
AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО • УДОБНО • СИГУРНО • ВЕ ОЧЕКУВАМЕ • НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиска Македонски Денес
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# ДУ ПЛЕСИС ЈА ДОБИ БИТКАТА СО АДЕСАЊА ВО ПЕРТ



Јужноафриканскиот борец Дрикус ду Плесис и понатаму е владетел во средна категорија, откако на спектакуларниот настан УФЦ 305 во Перт (Западна Австралија) го победи Израел Адесања од Нов Зеланд.

Гушењето од зад грб беше кобно за Адесања во четвртата рунда со што Јужноафриканецот го одбрани појасот во средна категорија. Адесања има 35 години, но очигледно е дека нема да се пензионира, но исто така е очигледно дека тој повеќе не е шампионски борец.

Воведна борба на овој спектакл беше пресметката помеѓу Австралиецот со хрватски корени Стив Ерцег и Новозеланѓанецот Каи Кар-Франс, кој ја доби борбата со нокаут во првата рунда. Остатокот од вечерта донесе дуел помеѓу Ден Хукер и Матеуш Гамрот, каде Хукер победи со одлука на судиите по три рунди од по пет минути. Искусниот тешкаш Жарзињо Розенстрак исто така со судиска одлука го победи Таи Туиваса, додека Карлос Пратес го победи Џи Линглијанг со нокаут во втората рунда.

